**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ
И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Одделение за урбанизам,архитектура,
Градежништво и заштита на животната средина
број:11-761/3 од 17.10.2025год.
(постапка бр.75168)

Градоначалникот на општина Гевгелија врз основа на член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20,111/23,171/24, 224/24, 40/25,101/25 и 127/25), ја издава следната:

**П О Т В Р Д А**
**За заверка на одобрена проектна програма**

Се одобрува Проектна програма за изработка на проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.5 – Индустрија за автомобили, автомобилски делови и монтажа (производство и склопување на приколки за патнички, товарни возила и земјоделска механизација) на КП 941 и КП 945 КО Негорци, општина Гевгелија.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Барателот ДПТУ ,,ЛИОН ТРАИЛЕРС,, доо Гевгелија преку ополномештен подносител на барање ДГТИ ,,Доминг ЈТД,, дооел Радовиш во електронскиот систем е-урбанизам (постапка бр.75168) поднесе барање за одобрување на проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.5 –Индустрија за автомобили, автомобилски делови и монтажа (производство и склопување на приколки за патнички, товарни возила и земјоделска механизација) на КП 941 и КП 945 КО Негорци, општина Гевгелија.

Со барањето ја приложи следната документација:

- Проектна програма со тех.бр.134/2025-У од септември 2025год. изработена од ДГТИ ,,Доминг ЈТД,, дооел Радовиш;
- Графички приказ на Проектната програма со граница на плански опфат;
- Геодетски елаборат за посебни намени за ажурирана геодетска подлога КО Негорци;
- Услови за планирање на просторот со тех.бр.Y28825 од јули 2025год. и Решение бр.15-3257/2 од 05.08.2025год. издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање;

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение број 08-1793/1 од 13.11.2023година, по разгледување на приложената документација со барањето, констатира дека истото е основано и Проектната програма може да се одобри.

Истото го потврди со Предлог за одобрување со бр.11-761/2 од 15.10.2025год.

Градоначалникот на општина Гевгелија по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20,111/23,171/24, 224/24, 40/25,101/25 и 127/25).

Врз основа на тоа се одобрува Проектната програма и на истата се врши заверка.

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**Андон Сарамандов,**

Andon Saramandov

Digitally signed by Andon Saramandov
Date: 2025.10.17 15:39:55 +02'00'